РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

09-789/3
27-04-2026

Врз основа на членот 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), членот 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК) на 31-та седница одржана на 22.04.2026 година, ја донесе следната

## О Д Л У К А

Постапката по предметот бр.09-3126/1 од 01.12.2025 година, оформен по пријава против службеното лице --------- – член на Советот на Општина ------------, **СЕ ЗАПИРА** поради тоа што не е утврдено постапување спротивно на одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси .

Одлуката во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија, во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

### О б р а з л о ж е н и е

До Државната комисија е поднесена пријава од страна на непознат подносител, по која е оформен предметот со број 09-3126/1 од 01.12.2025. Пријавата е поднесена против лицето --------- – член на Советот на Општина ---------- и директор на ООУ „---------" – с.----, -------- со наводи дека истовремено ги извршува двете функции.

Државната комисија по извршениот увид во својата евиденција за избор, именување и престанок, утврди дека -------- е избран за член на Советот на Општина ------ на ден 19.10.2025 година со акт Уверение за избор на член на Советот на Општина ------- со бр. 113/17 од страна на Општинската изборна комисија – -----------.

Државната комисија со цел правилно и целосно утврдување на фактичката состојба побара податоци и информации од Општина --------- и врз основа на извршен увид во доставената документација, го констатира следното:

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

Лицето ---------- со Решение бр. 17-3048/3 од 29.12.2021 година од страна на градоначалникот на Општина ------- е именуван за директор на општинското основно училиште. По изборот за член на Советот на Општина -------- во 2025 година, со Решение за разрешување на директор на ООУ „--------“ – ---------, истото е разрешено од функцијата директор.

Врз основа на утврдената факичка состојба, Државната комисија констатира дека именуваното лице ----------- во моментот на постапувањето на ДКСК не ги извршува истовремено двете функции, со оглед на тоа што неговата функција како директор на ООУ „ ---------- “ - с. ---------- престанала со акт за разрешување, со што е отстранета состојбата на неспоивост на функциите.

Имајќи го предвид наведеното,во конкретниот случај не е сторена повреда на член 44 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси кои се однесуваат на забраната за вршење на други функции и неспоивост на функции, поради што одлучи како во диспозитивот.

**Претседател**
**Адем Чучуљ**

По заклучок од седница на ДКСК:
Изработил: м-р Б.К. – виш соработник
Контролирал: К.З. – раководител
Одобрил: м-р Б.К.Ш. - член на ДКСК

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk